## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Oligovit® za trudnice i dojilje / Олиговит® за трудници и доилки**
**филм таблета**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Oligovit® za trudnice dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**?
3.Како да го земате/ употребувате **Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

### 1. Што претставува Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки и за што се употребува?

Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки се граничен производ наменет за трудници и жени во периодот по породувањето и во текот на доењето. Во текот на бременоста, периодот по породувањето и за време на лактација значително се зголемени потребите за витамини и минерали, бидејќи организмот на трудниците мора да ги задоволи своите потреби, но и да обезбеди доволни количини витамини и минерали за правилно формирање, раст и развој на плодот и бебето по раѓањето. Затоа на трудниците и доилките им се препорачуваат покрај редовната исхрана витамини и минерали како додаток.

Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки содржат дванаесет витамини и седум минерали неопходни за непречено одвивање на разни метаболички и биохемиски процеси во телото на мајката и детето.

Витаминот А е неопходен за вид, епителизација и развој на коските. Витаминот Д е неопходен за метаболизамот на калциумот, кој обезбедува раст на здрави заби и коски. Витаминот Е го штити организмот од слободни радикали и ја подобрува општата состојба. Витаминот Ц ја подобрува апсорпцијата на железо и учествува во голем број процеси на оксидација - редукција во организмот. Витамини Б1, Б2, Б6, никотинамид, фолна киселина, Б12, пантотенска киселина и биотин обезбедуваат нормално функционирање на нервниот, гастроинтестиналниот систем, крвта и кожата.

Калциумот, магнезиумот, железото, селенот, цинкот, бакарот, манганот и јодот заедно со витамините учествуваат во сите метаболички процеси во организмот на мајката и детето, и се неопходни за создавање и одржување на нови клетки, но и како антиоксиданти кои ги штитат клетките и ткивата од напади на слободни радикали. Ова е особено важно за време

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP
СКОПЈЕ

на бременоста и доењето кога се зголемува потребата, но исто така и ризикот од недостаток на витамини и минерали.
Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки се препорачуваат: во текот на целата бременост, периодот на доење, како и 2-4 месеци после тоа, и во случај на недоволно внесување витамини и минерали со исхраната (неправилна, нередовна исхрана).

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligovit® za trudnice i dojilje / Олиговит® за трудници и доилки

**Немојте да го земате/употребувате Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки** капсулите доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Бремените жени на терапија со антиепилептици, метотрексат и второрородките кои веќе имаат дете со спина бифида, Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки можат да ги земаат само по консултација со нивниот лекар.

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**
Заради потенцијални интеракции на железо и калциум со одредена храна и лекови, Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки треба да се земаат најмалку 2 часа пред или по внесување храна. Овие намирници вклучуваат: млеко и млечни производи, јајца, спанаќ, леб од интегрално брашно, житарки, тестенини, чај, кафе, какао.

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки не треба да се земаат истовремено со следните лекови: тетрациклин, пеницилин, хинолони, хлорамфеникол, рифампицин, метилдопа, парацетамол, индометацин, пенициламин, антациди со алуминиум, магнезиум и калциум.

Олиговит® филм-обложените таблети за трудници и доилки не смеат да ги користат лица алергични на било која состојка на производот или на терапија со леводопа.

Не се препорачува истовремено земање на други препарати кои содржат витамини А и Д поради можност со предозирање со витамини А и Д..

**3.Како да го земате/употребувате Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**

Производот не е наменет за деца под 12 годишна возраст!

Возрасни: 1 филм-обложена таблета дневно, или по потреба секој втор ден.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Oligovit® za trudnice i dojilje/Олиговит® за трудници и доилки**

Да се чуваат на температура до 25°C во оригинално пакување.
Да се чуваат надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 филм таблета | %HPB* | 100 g |
|---|---|---|---|
| Витамин А | 266,7 µg RE | 33 | 0,02 g RE |
| Витамин Д | 5,0 µg | 100 | 0,36 mg |
| Витамин Е | 15,0 mg TE | 125 | 1,09 g TE |
| Витамин Б1 | 1,6 mg | 145 | 0,16 g |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Витамин Б2 | 1,6 mg | 114 | 0,16 g |
| Витамин Б6 | 2,5 mg | 179 | 0,18 g |
| Пантотенска киселина | 10,0 mg | 167 | 0,73 g |
| Ниацин | 20,0 mg | 125 | 1,45 g |
| Витамин Ц | 100,0 mg | 125 | 7,25 g |
| Витамин Б12 | 2,5 µg | 100 | 0,18 mg |
| Фолна киселина | 400,0 µg | 200 | 0,03 g |
| Биотин | 30,0 µg | 60 | 2,17 mg |
| Калциум | 150,0 mg | 19 | 10,87 g |
| Железо | 30,0 mg | 214 | 2,17 g |
| Селен | 60,0 µg | 109 | 4,35 mg |
| Цинк | 15,0 mg | 150 | 1,09 g |
| Бакар | 2,0 mg | 200 | 0,15 g |
| Манган | 2,0 mg | 100 | 0,15 g |
| Јод | 150,0 µg | 100 | 0,01 g |

*НРВ – нутритивна референта вредност

Состојки: калциум-хидрогенфосфат; L-аскорбинска киселина; поливинилпиролидон (стабилизатор); магнезиум-оксид; вкрстено врзана натриум карбоксиметилцелулоза (стабилизатор); железо (II) фумарат; никотинамид; ДЛ-α-токоферил ацетат; цинк оксид; хидроксипропилцелулоза и хидроксипропилметилцелулоза (згуснувачи); магнезиум стеарат (стабилизатор); калциум Д-пантотенат; талк и шелак (средства за глазирање); титаниум диоксид (боја Е171); пиридоксин хидрохлорид; макрогол (згуснувач); бакар (II) оксид; манган сулфат; тиамин мононитрат; рибофлавин; птероилмоноглутаминска киселина; β-каротен; Рицинусово масло; калиум јодид; оксиди и хидроксиди на железо и кармин (бои Е172, Е120); натриум селенит; Д-биотин; холекалциферол; цијанокобаламин.

| Нутритивни информации: | 1 филм таблета (1,38 g) | 100 g |
|---|---|---|
| Енергетска вредност (kJ / kcal) | 0,034 / 0,009 | 2,59 / 0,63 |
| Масти – вкупно (g) | 0,00093 | 0,07 |
| од тоа заситени масни киселини (g) | 0,0 | 0,0 |
| Јаглени хидрати – вкупно (g) | 0,0 | 0,0 |
| од тоа шеќери (g) | 0,0 | 0,0 |
| Протеини (g) | 0,0 | 0,0 |
| Сол (g) | 0,000087 | 0,0063 |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**Изглед на граничен производ и пакување**

30 филм таблети

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје, Р.С. Македонија, Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Galenika a.d, 11080 Београд, Батајнички друм бб, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**